# С Т А Т У Т

на

# МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје

СКОПЈЕ, 31.05.2017

Врз основа на член 20 од Уставот на Република Македонија, член 16 и 18 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија, бр. 52/2010, 135/11 и 55/2016), Собранието на МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје, на седницата одржана на 31.05.2017 година, донесе

# С Т А Т У Т
## на

## МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**член 1**

МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје (во натамошниот текст Друштво) е стручна, невладина, непартиска и непрофитна организација, формирана со слободно здружување на граѓаните во согласност со закон, основана од истакнати теоретичари и практичари од областа на правосудството заради остварување на своите интереси, развивање и унапредување на пенолошката мисла, постапувањето со осудените лица и нивно превоспитување и ресоцијализирање, проучување на теоријата и практиката на извршување на санкциите за кривичните дела и прекршоците и проучување на системот на извршување на санкциите.

**член 2**

Лицата се здружуваат во МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје заради остварување на сопствениот и општествениот интерес, промовирајќи, развивајќи и унапредувајќи ја пенолошката мисла, постапувањето со осудените лица, нивното ресоцијализирање и реинтегрирање во македонското општество.

**член 3**

МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со овој Статут, Законите, Уставот на Република Македонија и ратификуваните меѓународни договори.

**член 4**

Називот на Друштвото гласи: „МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје".

Англиски назив на Друштвото е „Macedonian Society of Penology".

**член 5**

Седиштето на Друштвото е во Скопје на ул. „1737" бр.32, локал 32, 1000 Скопје.

МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје се организира и делува на подрачјето на Република Македонија.

Во меѓународната комуникација називот на Друштвото, покрај на македонски, може да се изрази и на еден од светските јазици.

**член 6**

МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје има својство на правно лице.

Доколку Друштвото стане член на меѓународна организација, тоа нема да го изгуби својството на независно правно лице

МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на Друштвото: „МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје" а во средината се наоѓа амблемот на Друштвото.

Штембилот на Друштвото е правоаголен со следниот текст: „МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје" број, датум и место.

**ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА**

**член 7**

Работата на Друштвото е јавна.

Јавноста во работењето на Друштвото се остварува преку транспарентно објавување на Програмата, Статутот и другите акти на Друштвото во согласност со Статутот.

За информирањето на членовите и поширокта јавност се користи електронската пошта, печатот, радиото, телевизијата како и други медиуми основани од Друштвото за подобро информирање на своите членови.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ СКОПЈЕ

## ЦЕЛИ И ДЕЈНОСТИ НА ДРУШТВОТО И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОСТВАРУВАЊЕ

**член 8**

Друштвото е невладина, непрофитна организација која нема да врши политички активности, а програмата и активностите нема да бидат насочени кон:

- Насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија,
- Поттикнување или повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост.

Членовите на МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје се здружуваат заради остварување на поширок заеднички интерес и како стратегиски цели на Друштвото се определуваат:

1. Развој на концептот на ресоцијализација на осудените лица, со цел да се изгради општество кое на сторителите на кривични дела и прекршоци им дава права и можности за реинтеграција во општеството.
2. Активно учество и апликација на научно истражувачки проекти во државата и странство
3. Мониторинг над системот за извршување на санкциите и негово функционирање во практиката;
4. Опсервирање на посебните ранливи категории на лица под режим на санкции во казненото, прекршочното и извршното казнено право;
5. Анализа, евалуација и унапредување на легислативната рамка на системот на извршување на санкциите;
6. Сообразување со методологијата и насоките на европските стандарди и правила за извршување на санкциите;
7. Развој и унапредување на соработката со други здруженија на граѓани во земјата и во странство, како и соработка со домашни државни институции, правосудни органи и меѓународни организации и институции;
8. Континуирана едукација за современите проблеми од областа на пенитенцијарното право;
9. Издавање периодична публикација и по потреба, разни други видови на списанија и брошури;

10. Унапредување на методологијата и добрите практики во спроведувањето евалуациските истражувања и студии во различни општествени области.

МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје може да членува во слични асоцијации во земјава и во странство.

**член 9**

Заради остварување на наведените цели, Друштвото ги остварува следните дејности согласно Националната класификација на дејности:

- Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место (шифра 94.99);
- Истражување и експериментален развој во општествените и хуманистичките науки (шифра 72.20);
- Истражување на пазарот и јавното мислење (шифра 73.20);
- Односи со јавноста и дејности на информирање (шифра 70.21);
- Останати стручни, научни и технички дејности неспомнати на друго место (шифра 74.90);
- Издавање книги (шифра 58.11);
- Издавање списанија и периодични публикации (шифра 58.14);
- Други издавачки дејности (шифра 58.19).

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ДРУШТВОТО

**член 10**

Член во МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје, може да биде секое домашно или странско, физичко или правно лице чија пристапница ќе биде прифатена од мнозинството членови на Собранието на Друштвото, во постапка и услови утврдени со Деловникот на Собранието.

За почесен член може да биде именуван граѓанин на Република Македонија или странски државјанин кој значително придонесува кон развојот на македонската пенологија или на Друштвото.

Зачленувањето во Друштвото, откако ќе се добие доброволна пристапна изјава, се врши со одлука на Извршниот одбор на Друштвото, и се стекнува со своерачно потпишување пристапница за прифаќање на Статутот на Друштвото.

Друштвото за своите членови води регистер на членството, кој се ажурира еднаш

на две години при што Друштвото ја гарантира анонимноста и приватноста на податоците на лицата кои тоа го побарале.

## ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ДРУШТВОТО

### член 11

Членот на Друштвото ги има следниве права:

- да учествува во работата на Друштвото;
- да избира и да биде избран во органите и телата на Друштвото;
- да биде информиран на најсоодветен начин за работата на Друштвото и да бара од органите информации за одредени прашања;
- да придонесува во развојот и популарноста на Друштвото и
- да врши увид во работењето на органите на Друштвото.

Членот на Друштвото е должен:

- активно да учествува во работата на Друштвото и да ги исполнува задачите што за него произлегуваат од овој Статут, од другите општи акти, како и од одлуките и заклучоците донесени од органите и телата на МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје;
- да земе конкретно учество во спроведување на Програмата на активностите на Друштвото;
- да иницира и разработува идеи за нови активности во областите на дејствување на Друштвото,
- редовно да ја плаќа членарината и
- да присуствува на состаноците.

Секој член може доброволно да истапи од Друштвото.

### член 12

Исклучувањето од членство во Друштвото се остварува во случај кога:

- Членот не го почитува Статутот на Друштвото, и
- Членот делува спротивно на целите на Друштвото дефинирани согласно член 8 од овој статут.

Утврдувањето на случаите од ставот 1 на овој член го врши Собранието на Друштвото во постапка утврдена со Деловникот на Собранието.

Престанок на членството во Друштвото настанува кога членот на Друштвото нередовно ја плаќа годишната членарина во Друштвото, најмалку 1 година.

Утврдувањето на основот од ставот 3 го врши Претседателот на Друштвото, а го потврдува Собранието на Друштвото во постапка утврдена со Деловникот на Извршниот одбор.

**ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО**

**член 13**

МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје го претставува и застапува Претседателот на Друштвото.

**ФИНАНСИРАЊЕ НА ДРУШТВОТО**

**член 14**

Друштвото остварува средства од: членарина, доброволни прилози, донации, подароци (во пари, добра, имотни права), завештанија, легати, дејности со кои се стекнува добивка, кирии и закупнини,приходи од инвестиции, дивиденди, камати, заеми, како и преку средства добиени од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во согласност со закон, како и преку други приходи во согласност со закон и со Статутот.

**член 15**

Користењето и располагањето со средствата на Друштвото добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и со закон.

**член 16**

Финансиските средства на Друштвото се употребуваат за остварување на целите на Друштвото определени со Статутот и Програмата.

Членовите на Друштвото и нивните застапници по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување,

во интерес на Друштвото, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со закон и Статутот.

## СОСТАВ, ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ, НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ И ТРАЕЊЕ НА МАНДАТОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ ВО ОРГАНИТЕ НА ДРУШТВОТО

**член 17**

Органи на Друштвото се:

1. Собрание;
2. Извршен одбор;
3. Надзорен одбор и
4. Претседател на МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје.

## С О Б Р А Н И Е

**член 18**

Собранието на Друштвото го сочинуваат сите членови на Друштвото. Правните лица во рамките на Собранието ги претставува еден претставник назначен од страна на правното лице кое членува во Друштвото.

Права и должности на членовите се:

- да предлагаат решавање на прашања од заеднички интерес;
- да работат на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;
- да ги спроведуваат во целост одредбите од Статутот и програмските активности, и
- да ги застапуваат интересите и ставовите на Друштвото.

**член 19**

Седница на Собранието се свикува еднаш годишно, по предлог на Претседателот на Друштвото кој претседава со седниците на Собранието.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Претседателот на Друштвото или на мнозинството од вкупниот број членови на Собранието.

Ако Претседателот на Друштвото во рок од 30 дена од денот на дадениот

предлог не свика седница, седницата ја свикуваат иницијаторите.

**член 20**

Собранието на Друштвото од редовите на своите членови избира Претседател на Друштвото.

**член 21**

Собранието полноважно одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

По исклучок, а на предлог на Претседателот на Друштвото, Собранието може да одлучува за прашањата од своја надлежност и без да одржи седница, односно да одлучува без присуство, по пат на електронска пошта или телефонска конференција.

Условите во кои Собранието одлучува без присуство ќе се утврдат со Деловникот.

Во надлежност на Собранието е следното:

- го донесува Статутот на Друштвото и врши измени и дополнувања на истиот;
- формира органи и тела за работа на Друштвото и избира и разрешува Претседател на Друштвото;
- донесува Деловник за својата работа;
- усвојува програмска ориентација за работа на Друштвото за период од 4 години, операционализирано во годишните програми;
- го разгледува и усвојува годишниот извештај за работа на Претседателот на Друштвото;
- ја следи материјално-финансиската состојба на Друштвото помеѓу две собранија;
- усвојува завршна сметка на Друштвото;
- доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа;
- расправа за постигнатите резултати од развојот на Друштвото и дава насоки за натамошен развој на Друштвото;
- донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес

на Друштвото;

- донесува одлуки за набавка и отуѓување на основните средства;
- решава за формирање на ограноци на Друштвото;
- донесува одлуки за формирање на постојани и повремени комисии, и ја насочува нивната работа;
- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- одлучува за статусни промени, односно одлучува за присоединување, спојување и поделба на Друштвото;
- одлучува за престанок на Друштвото со двотретинско мнозинство;
- решава за здружување или истапување во сојуз или други форми на здружување, како и зачленување или истапување во домашни и меѓународни организации;
- и врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите.

**И З В Р Ш Е Н  О Д Б О Р**

**член 22**

Извршниот одбор брои (10) десет члена и него го сочинуваат Претседателот на Друштвото и 9 (девет) членови.

Со седниците на Извршниот одбор раководи Претседателот на Друштвото.

**член 23**

Извршниот одбор е оперативен орган на Друштвото кој ги има следниве права, должности и одговорности:

- усвојување на Програмата за работа;
- ги спроведува, заклучоците и одлуките на Собранието на Друштвото;
- управува со имотот на Друштвото;
- го подготвува годишниот или периодичен извештај за својата работа;
- го изготвува предлог Статутот и другите акти на Друштвото што треба да ги донесе собранието и предлага нивни измени и дополнувања;
- ги подготвува седниците на Собранието;
- избира и разрешува главен и одговорен уредник и секретар на списание;
- одлучува за формирање постојани и привремени комисии, работни групи и слично;
- одлучува за други работи во врска со дејствувањето на Друштвото.

член 24

Во случај на итност, Извршниот одбор врши измени и дополнувања на Статутот кои треба да бидат потврдени на првото наредно Собрание на Друштвото.

Член 25

Извршниот одбор може полноважно да работи и да одлучува ако на седницата се присутни повеќе од половина од вкупниот број негови членови, а своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 26

Извршниот одбор од редот на членовите на Друштвото формира Надзорен одбор, во чиј состав влегуваат (7) седум членови од кои еден е претседател.

Надзорниот одбор е должен еднаш годишно или по барање на Извршниот одбор да изврши увид во материјалното и во финансиското работење на Друштвото што го доставува до Извршниот одбор, кој пак, го проследува до Собранието на Друштвото.

Член 27

Надзорниот одбор е должен уредно да ги евидентира актите и одлуките на Собранието и Извршниот одбор, како и другите тела и да воспостави уредна евиденција за членовите на Друштвото.

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Член 28

Претседател на Друштвото се избира од страна на Собранието со мандат од 4 години, со право на уште еден избор.

Претседателот на Друштвото по функција е и претседател на Извршниот одбор.

**член 29**

Во надлежност на Претседателот е следното:

- го застапува Друштвото во правниот промет и го претставува во јавноста;
- ги спроведува статутарните и програмските задачи на Друштвото, како и одлуките и заклучоците на Собранието;
- одговорен е за програмското и финансиското спроведување на тековните активности и проекти на Друштвото;
- подготвува и реализира годишна програма за работа;
- предлага измени и дополнување на Статутот;
- предлага статусни промени, односно предлага присоединување, спојување и поделба на Друштвото;
- предлага Деловник за работа на Собранието, донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и одлучува за склучување договори;
- свикува седници на Собранието и припрема материјали;
- дава согласност на Правилникот за организацијата на работите и работните задачи на Друштвото;
- донесува одлуки по приговори и жалби, и
- врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Друштвото и од Законот.
- ги извршува сите права и обврски кои произлегуваат од Законот за работни односи и другите закони;
- потписник е на сметката на Друштвото;
- се грижи за правилната примена на Законските прописи од областа на дејностите што ги врши Друштвото.

Претседателот за својата работа е одговорен пред Собранието на Друштвото.

**ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО**

**член 30**

МАКЕДОНСКОТО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје ќе престане со работа ако:

- бројот на членовите се намали под бројот определен за основање;
- настапат причини утврдени во член 63 од Законот, и
- Собранието со двотретинско мнозинство донесе одлука за престанок на Друштвото.

член 31

По престанокот на работата на Друштвото средствата што останувааат по намирување на обврските, преминуваат во сопственост на членовите на Друштвото.

**СУДИР НА ИНТЕРЕСИ**

**член 32**

Членовите на Собранието, Извршниот одбор и Надзорниот одбор, и членовите нивните семејства, не можат да имаат економски интерес во која и да е организација која му продава, издава или му добавува добра и услуги на Друштвото.

Членовите на Собранието , Извршниот одбор и Надзорниот одбор, кои се во однос со организација која работи со Македонското пенолошко друштво Скопје, треба да го декларираат интересот во однос на нивната организација и треба да бидат исклучени од релевантното одлучување.

Доколку дојде до спор внатре во Друштвото и помеѓу Друштвото и трети лица, истиот ќе биде разрешен по пат на спогодба. Во спротивно надлежен за решавање ќе биде Основен Суд Скопје II во Скопје.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**член 33**

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Друштвото, а помеѓу две Собранија, Претседателот на Друштвото.

**член 34**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

**член 35**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

**МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО Скопје**
Претседател,
Д-р Елена Мујоска Трпевска

**член 31**

По престанокот на работата на Друштвото средствата што остануваат по намирување на обврските, преминуваат во сопственост на членовите на Друштвото.

## СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

**член 32**

Членовите на Собранието, Извршниот одбор и Надзорниот одбор, и членовите на нивните семејства, не можат да имаат економски интерес во која и да е организација која му продава, издава или му добавува добра и услуги на Друштвото.

Членовите на Собранието , Извршниот одбор и Надзорниот одбор, кои се во однос со организација која работи со Македонското пензиско друштво Скопје, треба да го декларираат интересот во однос на именета организација и треба да бидат исклучени од релевантното одлучување.

Доколку дојде до спор внатре во Друштвото и помеѓу Друштвото и трети лица, истиот ќе биде разрешен по пат на спогодба. Во спротивно надлежен за решавање ќе биде Основен Суд Скопје II во Скопје.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**член 33**

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Друштвото, а помеѓу две Собранија, Претседателот на Друштвото.

**член 34**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

**член 35**

Овој Статут влегува во сила со денот на донесувањето.

**МАКЕДОНСКО ПЕНЗИОНСКО ДРУШТВО Скопје**

Претседател,

Д-р Елена Мујоска